*Објава за медиуми*

# PwC ќе инвестира 60 милиони УСД во зајакнување на капацитетите и проширување на понудата на услуги во Централна и Источна Европа

**Скопје, 17 октомври 2013** – PwC ќе инвестира 60 милиони УСД во Централна и Источна Европа (ЦИЕ) во текот на наредните три години, во зајакнување на своите капацитети во поединечни индустрии и ангажирање на дополнителни експерти, со што би ја зацврстиле водечката позиција на пазарот. Инвестицијата ќе биде подржана од PwC Велика Британија и во основа ќе се базира на носење на најдобрите експерти од тамошниот пазар како и ангажирање на специјалисти, партнери и директори од глобалната мрежа на PwC.

Мајк Кубена, главен извршен директор на PwC ЦИЕ го даде следниот коментар околу мотивот за оваа инвестиција:

"Со созревањето на нашите пазари, нашите клиенти бараат повеќе од нас и поради тоа ние мора да понудиме повеќе, доколку сакаме да го задржиме и унапредиме нашето водечко место на пазарот. Мораме да понудиме пошироки, подлабоки и подобро интегрирани решенија и да се осврнеме на нивните специфични барања. Пред неколку години, го започнавме процесот на проширување на нашите индустриски и технички капацитети и веќе бележиме значителен успех. Тесната соработка со нашата компанија од Велика Британија ќе ни овозможи да го забрзаме инвестицискиот процеси побрзо да развиваме нови вештини и вредности кои ќе им помогнат на нашите клиенти и ќе водат кон стабилен профитабилен раст. Во исто време, тие процеси ќе ни овозможат да им понудиме интересни можности за понатамошен професионален развој на нашите вработени во Централна и Источна Европа."

***Пренасочување на економската моќ кон пазарите во развој***

Согласно глобалниот годишен преглед на PwC, постојат пет клучни мегатрендови кои ќе ја променат иднината на бизнисот ширум светот. Еден од овие мегатрендови е промената во глобалната рамнотежа на економската моќ од развиените земји кон земјите во развој. Во текот на наредната деценија, ова ребалансирање ќе ја достигне својата кулминација, при што земјите во развој ќе ги зголемат своите глобални влијанија и достигнувања уште повеќе. Во 2009, вкупниот бруто домашен производ (БДП) на Е7 – седумте водечки нации во развој – беше околу две третини од оној на Г7 – седумте најразвиени нации. До 2050, овие позиции ќе се променат, при што вкупниот БДП на Е7 ќе се покачи на речиси двојна вредност од оној на Г7.

Јан Пауел, претседател и сениор партнер на PwC Велика Британија, изјави:
"Инвестираме во нашата меѓународна мрежа каде постои значителен потенцијал за повисок раст. Она што е од исклучителна важност е да бидеме во можност да им помогнеме на нашите клиенти да ги уживаат придобивките од брзо растечките економии, како и да работиме со нови клиенти кои што се во фаза на развој."

Финансирањето ќе се концентрира на индустриите, географските региони и услугите кои покажуваат висок потенцијал за економски раст во регионот – особено големите пазари, како Русија и Полска, како и клучните сектори како што се нафта и природен гас, комунални услуги, рударство, финансиски услуги и јавниот сектор.

Пол Тобин, одговорен партнер за Македонија, додаде: „ова е многу значаен и интересен развој за бизнисот во Македонија. На неодамнешниот глобален инвестициски самит за Македонија одржан во Охрид, слушнавме за многуте успешни приказни и деловни можности кои ги нуди Македонија. Оваа инвестиција овозможува PwC Македонија да покаже дека располагаме со можности и потенцијали  за да инвестираме во доближувањето на севкупниот спектар од вештини и искуство од нашата PwC мрежа кон нашите клиенти и идни инвеститори во Македонија."

***Забелешки:***

**За PwC ЦИЕ:** PwC Централна и Источна Европа (ЦИЕ) е активна во регионот повеќе од 20 години. Денес, во компанијата работат  280 партнери и 7,000 вработени во 54 канцеларии низ 29 земји. Ние сме единствената компанија за професионални услуги која има потполно интегрирана мрежа која се простира низ Централна и Источна Европа, како и поранешните земји на ЗНД.

**За PwC Велика Британија:** PwC Велика Британија има вработено 874 партнери и преку 17,400 вработени во 57 канцеларии низ Велика Британија, Каналските острови и блискиот Исток. За повеќе информации, посетете нé на **www.pwc.co.uk**.

**За PwC:** PwC им помага на организациите и поединците во креирање на вредностите кои ги бараат. Ние сме мрежа на фирми во 157 земји со повеќе од 184,000 вработени кои се посветени на обезбедување на квалитетни услуги во областа на ревизија, даночни и консултантски услуги. Кажете ни што Ви е Вам важно и дознајте повеќе на www.pwc.com.

PwC се однесува на мрежата на PwC и/или на една или повеќе од членките фирми, од кои секоја е засебен правен субјекти. Погледнете повеќе на www.pwc.com/structure.

© 2013 PwC. Сите права задржани.